**Инфо билтен – февруари 2024**




Визуелна презентација на температурни промени за Македонија од 1850 до денес
#ShowYourStripes © University of Reading (UK)

## Повици

Civica Mobilitas објави повик за доделување грантови за граѓански ангажман [ЦМ-ГГА]. Еден од приоритетите на повикот се и климатските промени/животна средина. Рокот за аплицирање е до 12.4.2024 година до 13:00 часот, а аплицирањето се врши преку нивниот веб портал www.grants.mk. Подетални информации за повикот можете да прочитате на следниот линк.

Оглас за вработување на проектен координатор во Еко-свест.

**#ЗаедноЗаКлиматскаАкција**

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

Преку проектот „Енергетско ефикасни практики како решение за климатските промени", Соларна Асоцоцијација Македонија изработи прирачник со информации кои треба да им помогнат и да ги насочат граѓаните да направат соодветен избор, но и да ги информира за сите админитстративни постапки кои треба да се превземат за да можат да ја искористуваат сончевата енергија во домот.

Во малото Кичевско село Белица се отвори Едукативниот одржлив центар на заедницата кој користи фотоволтаични панели за да ги задоволи потребите за електрична енергија. Оваа локална заедница која се наоѓа во еден од регионите со јаглен во земјата е пример на носење одлуки за развој на заедницата кои потекнуваат од самите жители на таа заедница.

Адаптацијата кон климатските промени значи преземање акција за планирање и прилагодување на сегашните и очекуваните влијанија на климатските промени. Ова беше дискутирано на завршната конференција на проектот „Зголемување на отпорноста кон климатските промени на локално ниво", реализиран од Центарот за климатски промени во рамки на програмата „Граѓанските организации цво акција за климатските промени".

На нашата наградната кампања „Акција во низа за стоп на климатска криза", вкупно 73 граѓани ги споделија промените кои ги прават во секојдневните навики за да влијаат помалку на загадување на животната средина. Дознајте што направија петте наградени сограѓани!

Повеќе зеленило значи подобар град!  Подготвивме документ кој го анализира спроведувањето на урбанизмот и урбаното зеленило во пракса и како зеленилото влијание врз квалитетот на живот на жителите, особено во урбаните средини.

**Енергија**

Анкета: доколку сте организација која работи во Битола и пелагонискиот регион, молиме да го пополните овој прашалник за праведна транзиција. И слободно споделете го линкот со други организации.

Слична анкета и за граѓани, особено оние кои живеат и работат во Битола и пелагонискиот регион, поврзана со праведната транзиција на регионот. Само 10 минути за одговори кои многу ќе значат.

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

Прочитајте го најновиот извештај на CAN Europe за можностите за надминување на бариерите за искористување на обновливите извори на енергија во Македонија и Србија. Документот (на англиски) е тука.

Сите најнови ресурси за паметното енергетско планирање, заедно со картата за одржливи локации најпогодни за поставување на соларни и ветерни централи се наоѓаат на овој линк.

Споделуваме серијал во кој зборуваме на теми поврзани со климатските промени и енергетската транзиција. Покриваме различни аспекти кои се важни за подобро разбирање и справување со климатските промени, од тоа што се фосилни горива и обновливи извори на енергија, преку енергетска транзиција до паметно енергетско планирање и финансирање. Скок до сите 5 кратки видеа.

**Води**

Еко-свест подготви правна анализа за статусот на препреки, брани и други инфраструктурни градби во сливното подрачје на реката Пчиња.

**Заштита на природа**

Потребни ни се здрави и отпорни шуми за да ги исполниме климатските цели- Еко-свест со коментари и забелешки за предложените законски решенија за донесување на нов Закон за шуми и нов Закон за Агенција за шумите до Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство.

**Еко-свест Вевчани**

Одржавме едукативна работилница во локалната канцеларија на Еко-свест во Вевчани со ученици од ООУ "Кочо Рацин"- Охрид за влијанието на климатските промени врз природата. Низ прошетка во Споменикот на природата „Вевчански Извори" учениците истражуваа и учеа за тоа какви предизвици ни престојат и како да ги ублажиме последиците од нив. Со цел да им помогнат на птиците полесно да ги пребродат деновите во кои имаат недостиг од храна, младите изработија и хранилки за птици.

Еко-свест набави нови 50 канти за собирање на отпад од пластика во Вевчани. Целта е да се подобри инфраструктурата за собирање отпад како дел од проектот „Собирај, рециклирај, креирај - од рециклирана пластика до иновација" финансиран од ПМГ ГЕФ, спроведуван во партнерство со Ј.П. Еремја Вевчани.

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

Одржливото управување со природата во Вевчани е пример и инспирација за негување на природата и јакнење на локалната заедница. Блог со бонус прекрасни фотографии.

Почитајте за нашиот придонес кон одржливото управување со Споменикот на природата „Вевчански извори" во блог на фондот ПОНТ.

**Публикации**

Подготвивме документ за општественото значење на урбанизмот и како планирањето на урбани зелени површини практично се применува во Македонија и како влијае врз квалитетот на живот.

Извештај: Повторно поврзување на реките – креирање на методологија и идентификација на приоритетни каскади за отстранување, од група автори.

Анализа на природни непогоди во Република Македонија за периодот од 2005 до 2023 година изработена од Центарот за климатски промени како дел од програмата #ЗаедноЗаКлиматскаАкција.

**Медиуми**

Идејата за одржливо живеење и користење на природните ресурси, следење на климата и преземање на акции за намлување на климатските промени, ги инспирира жителите на ова место сместено на падините на Илинска Планина, повеќе од десет години да инвестираат во еколошки проекти. Како дел од кичевскиот крај, зависен од употреба на јагленот, Белица е примерот како треба да изгледа вистинската транзиција кон зелена иднина.

Владата го усвои предлогот Охридското Езеро да биде прогласено за споменик на природата.

Бимилк спроведува сеопфатна енергетска трансформација.

Словенија и Македонија размислуваат за изградба на мали модуларни нуклеарни реактори.

**Разно**

Прочитајте зошто правилото 3-30-300 може да биде решение за здрава градска населба. Дали вие живеете и работите во средина која навистина е зелена?

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

**Забелешка:** Овој инфо билтен е наменет за меѓусебно информирање за настани, активности и повици на еколошките организации и релевантните институции. Пораката ја добивте бидејќи сте регистрирани на една од GoogleGroups climatecoalitionmk и/или ekosfera. Доколку не сакате да го добивате овој инфо билтен, пратете порака на info@ekosvest.com.mk

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.